ИКТ КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Комора за информатичко – комуникациски технологии и услуги
ул. Прашка 23, 1000 Скопје

**До**
**Комисија за заштита на конкуренцијата** 0101-193/08
**на Република Македонија** Скопје, 20 јуни 2008
**Ул. „ Даме Груев бр.1 “**
**1000 Скопје**

Комората за информатичко – комуникациски технологии и услуги при Сојузот на стопански комори на Македонија (ИКТ Комора), врз основа на член 30, став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2005, 70/2006 и 22/2007), поднесува

**Б А Р А Њ Е**

**за поведување постапка**

**ПРОТИВ: „Македонски Телеком АД“,** претставен и како „T-Home Македонија“**,** со седиште во Скопје, лоцирано на ул. „Орце Николов“ бб, со ЕДБ 4030997339640.

**ЗАТОА ШТО: „Македонски Телеком АД“,** ја **злоупотребува** концесијата за обезбедување на јавни услуги на говор преку мрежи со комутација на пакети (Интернет протокол и други протоколи) доделена од страна на Министерството за транспорт и врски како и доминантната положба на пазарот на фиксна телефонија согласно член 14, став 2, точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Злоупотребата на концесијата се врши преку понудата на пакетот наречен *„Max ADSL 2 + персонален компјутер за резиденцијални корисници“* и специјалната понуда наречена *„Пакет – Макс АДСЛ + персонален компјутер“*, со тоа што на пазарот, како дел од понудата на услуги на широкопојасен интернет, нуди и тргува и други производи - персонални и преносни компјутери и компјутерска опрема.

Истовремено, наметнува нефер услови за тргување и изнајмување и дампинг продажни цени и на персонални и преносни компјутери и друга опрема, со што директно ги прекршува одредбите на Уставот на Република Македонија, и тоа една од темелните вредности утврдени во членот 8 став 1 точка 7 „слобода на пазарот и претприемништвото“, членот 55 од Уставот со кој се гарантира слобода на пазарот и претприемништвото, одредбите од членот 69 од Спогодбата за стабилизација и ассоцијација ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 12 април 2001 година, одредбите од членот 14 став 1, од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2005, 70/2006 и

22/2007), како и одредбите од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/2002, 49/2003 и 13/2006).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА БАРАЊЕТО

**„Македонски Телеком АД“** на почетокот на 2007 година започна со акцијата на понуда и обезбедување на интернет услуги – ADSL на македонските корисници, при што во понудата беа претставени повеќе пакети на услуги, во зависност од тоа дали корисниците на овие услуги поседуваат соодветна компјутерска опрема за нивно користење.

На пазарот беа понудени следните пакети:

- **„Max ADSL 2+ персонален компјутер за резиденцијални корисници“,** во кој пакет е вклучена купопродажба на компјутерска опрема која се предвидува со анекс на договорот за обезбедување на АДСЛ услугите на „Македонски Телеком АД“, и
- Специјалната понуда со назив **„Пакет – Макс ADSL + персонален компјутер“,** во кој е вклучена и услугата на користење на персонален компјутер за време на траење на договорот, односно на Анексот на договорот со кој се обезбедува користењето на персоналниот компјутер.

Условите и начинот на плаќање за овие услуги се утврдуваат во „Барањето за користење на електронска комуникациска услуга АДСЛ + компјутер“ преку кое се овозможува плаќање на 24 рати на телефонска сметка во случај на купување на компјутерска опрема.

Плаќањето на пакетите кои вклучуваат изнајмување и купување на компјутерската опрема се врши преку веќе воспоставениот систем на месечни сметки за фиксна телефонија - т.н „билинг“ на „Македонски Телеком АД“.

Во случај на изнајмување на компјутерска опрема, плаќањето, исто така, е на рати во времетраење на анексот со кој се уредува изнајмувањето на компјутерската опрема. Опфатена е и можност за задржување на дадената компјутерска опрема во случаи кога корисникот не сака да ја врати или кога е таа оштетена.

Максималниот износ на договорна казна за невраќање, односно оштетување на компјутерската опрема е утврден на 6.200,00 денари без вклучен ДДВ - што претставува нереално утврден максимален износ за компјутерска опрема користена 24 месеци. со што корисниците се стимулираат да не ја вратат дадената опрема.

Инаку, „Македонски Телеком АД“ ги овозможува горенаведените пакети на услуги само на корисниците на фиксната телефонија кои ги имаат платено последни две телефонски сметки.

Во оваа кампања, „Македонски Телеком АД“ искористувајќи ја положба на пазарот на широкопојасен интернет и доминантната положба на пазарот за фиксна телефонија која ја поседува согласно член 13, став 1, точка 2, односно став 4 од истиот член, преку посебниот систем на плаќање на телефонски месечни сметки вршат злоупотреба на начин што наметнуваат нефер услови за тргување, а преку овозможување на одложено плаќање на компјутерската опрема без притоа да се пресмета интерес – камата, со што наметнуваат нефер цени на пазарот.

Со оваа понуда, „Македонски Телеком АД“ грубо ги крши одредбите на Уставот на Република Македонија од членовите 8 став 1 точка 7 и од членот 55 став 1 и 2, за обезбедување на слобода на пазарот и претприемништвото и еднаквата положба на сите субјекти на пазарот и членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација како и одредбите од членот 14 став 1, од Законот за заштита на конкуренцијата, користејќи

погоден систем на наплата што не го поседуваат другите пазарни субјекти, а кој произлегува од доминантната положба во фиксната телефонија - што ги прави останатите субјекти нееднакви на пазарот.

Потоа, продава комјутерска опрема како дел од пакет на услуги со одложено плаќање без притоа да утврди интерес - камата со што наметнува поповолни услови на плаќање и цена која другите субјекти не можат да ја понудат, бидејќи на пазарот системот на одложено плаќање го обезбедуваат банките или небанкарските финансиски институции, преку договорите за кредит и договорите за лизинг.

Во овој случај, „Македонски Телеком АД" воспоставува квази систем на лизинг бидеќи тој истовремено е и продавач и понудувач на лизинг во однос на корисниците на услугите, со што исто така грубо ги прекршува одредбите на членот 3 став 2 од Законот за лизинг, бидејќи „Македонски Телеком АД" нема дозвола за вршење на работа како давател на лизинг издадена од страна на Министерството за финансии.

Поради сево тоа, трговските друштва кои вршат продажба и изнајмување на компјутерска опрема не се во можност да ги понудат истите услови на продажба и продажни цени затоа што доколку потенцијалните купувачи сакаат да набават персонален или преносен компјутер од трговските друштва кои продаваат или изнајмуваат компјутерска опрема на рати, тие треба да склучат договор за кредит или лизинг со банка или небанкарска финансиска институција, со што се зголемуваат оперативните и реалните трошоци кои влијаат на крајната цена на производите и услугите. Притоа, потенцијалните купувачи се должни да достават гаранција како дел од обврските за договорот за кредит.

Ова е сериозна причина за загриженост на сите компании од информатичката индустрија во Република Македонија бидејќи нивниот промет е намален и до 50%. Во исто време „Македонски Телеком АД" ги продава персоналните компјутери во врзана продажба заедно со ADSL линија со што директно наметнува нефер услови на тргување на пазарот на компјутери и компјутерска опрема бидејќи сите останати субјекти ги става во понеповолна конкурентска позиција.

Со увид во кварталните планови за продажба на „Македонски Телеком АД", се доаѓа до цифра од 25 – 30,000 продадени персонални компјутери годишно, што според сите проценки навистина претставув над 50% од вкупниот годишен промет на ИТ индустријата во Македонија.

Доколку се продолжи со оваа противзаконска практика може да се случи да се затворат голем број на ИТ компани во Македонија и оваа индустрија да се доведе во криза. Токму заради сериозноста на ваквата состојба на пазарот во Република Македонија, се надеваме дека ќе го разгледате нашето барање заради обезбедување на слободна конкуренција на домашниот пазар и благосостојба на потрошувачите.

Затоа, Комората за информатичко – комуникациски технологии и услуги при Сојузот на стопански комори на Македонија, бара Комисијата за заштита на конкуренцијата да поведе постапка заради утврдување на злоупотреба на доминантната положба на пазарот, согласно член 14, став 2 од страна на „Македонски Телеком АД"

Во прилог ви доставуваме примероци на договори и анекс на договорите од пакетите *„Max ADSL 2+ персонален компјутер за резиденцијални корисници" и специјалната понуда насловена како „Пакет – Макс АДСЛ+ персонален компјутер".*

Срдечен поздрав,

Ванчо Ордановски, претседател на ИКТ Комората при ССКМ

*Копие:*

- *Премиерот на Владатана Р.М– г-дин Никола Груевски*
- *Министерот за ИО – г-дин Иво Ивановски*
- *Министерството за економија*
- *Делегацијата на Комисијата на ЕУ во Македонија*